(3) Дисперзивно градење на блок кај кое површините за градење се слободно распоредени по целата површина на блокот на растојание една од друга (отворен блок).

- Растојанијата помеѓу површината за градење и границата на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на земјиштето, и тоа:

1.Кај периметралниот тип на градење наменет задомување површините за градење се по правило поместени кон лицето на парцелата, тежнеат да ја зафатат целата широчина на парцелата и да се допираат со соседните површини за градење. Растојанието помеѓу површината за градење и страната на парцелата тежнее кон нула, а и растојанието помеѓу површината за градење и регулационата линија со згуснувањето на градбата тежнее кон нула. Растојанието помеѓу површината за градење и дното на парцелата кај затворените периметрални блокови не треба да е помало од 8,00 м.

2.Кај затворениот површински тип на градење наменет за домување кај кој отворите на градбите се ориентирани кон внатрешните дворови, растојанието помеѓу површината за градење и регулаторните линии е по правило нула,

3.Кај дисперзивниот тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по четири фасади со отвори, растојанието помеѓу површините за

градење и границите на градежната парцела е најмалку 3,0 м за градби високи до 6,60 м (мерено од тротоарот до горниот венец), потоа најмалку половина височина од градбата за градби до 24,00 метри височина и најмалку 12,0 м за градби високи над 24,00 м. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат отвори на градбите со парапети до 1,60 м.

- Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,

- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,

- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширoки од 18,00 м.

- При одредувањето на диспозицијата на површината за градење во урбанистички план, не се дозволени растојанија помеѓу градежната линија односно границата на површината за градење и страната на градежната парцела што се помеѓу 0,00 и 1,20 м.

- Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење:

1.Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,

2.Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,

3.Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

- Корелативните одредби од важат и за отворите кои се наоѓаат на еркери односно конзолни испакнувања на второстепената архитектонска пластика, во кој случај меродавни се растојанијата од еркерите до границите на градежната парцела.

- Општ принцип за оформување на површина за градење е дека таа треба да биде колку што е можно послична на правилен четириаголник.

- Планирање на неправилни и случајни форми на површините за градење чиишто граници се паралелни со неправилните граници на градежната парцела или неправилни градежни парцели, е спротивно на стандардите и добрите практики на урбанистичко планирање, По исклучок, водењето на градежната линија паралелно

со границата на неправилна градежна парцела е прифатливо во случај на формирање на уличен фронт кога градежната линија кон лицето на парцелата е паралелна со регулационата линија, како и во случаите на примена на рамковна површина за градење.

7.7 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со процент.

Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешни тераси, скали, рампи, патеки и сл.

7.8 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број од две децимали. Под вкупната изградена површина се сметат површините на сите подни површини, на сите надземни катови на градбата вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјето што барем со едната своја страна се целосно над теренот.

Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии надстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи.

7.9 Височина на градење

Височината на нултата плоча за станбени згради чија што градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени треба да биде по правило од 0,60 - 1,60м, додека максималната височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20м

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот отфат:

- кули, покривни бања, стакларници и издадени покривни елементи

- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикали комуникации и сите техничко- технолошки инсталации и

- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над

дозволената силуета на покривот.

7.9.1 Видови на висински плански одредби

(1) Плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистички план се: висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземната или нултата плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратовите, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата, односно котата на горниот венец.
(2) Планските одредби можат да се утврдуваат за секоја градежна парцела поединечно во урбанистичките планови со детална регулација и формирани градежни парцели.
(3) Планските одредби се утврдуваат на ниво на блок, четврт или наменска зона во урбанистички планови со генерална регулација како препорака или како максимална планска одредба во условите за спроведување на планот.

7.9.2 Најголема дозволена височина на градењето

(1) Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
(2) Максималната височина на градбата се одредува на два начина:
1. како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри, и
2. како висина на највисоката кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
(3) Максималната височина на градбата покрај одредувањето во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи, при што приземното ниво се обележува со голема буква „П“ на која со знак „+“ се додава бројот на катови обележан со арапски број.
(4) Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно - како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.
(5) При утврдување на бројот на катови на градби што се на терен во наклон, во урбанистички план треба да се обележат и дозволените катови под котата на приземјето доколку барем со едната страна од градбата се над котата на теренот.

7.9.3 Начин на мерење на најголемата височина на градењето

(1) Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како:
1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.
(2) Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап, доколку со планот не е утврдено поинаку.
(3) Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

(4) Доколку теренот е во наклон долж оската на парцелата, максималната височина се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела.
(5) Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.
(6) Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.
(7) Максималната височина на градбата изразена во должни метри може но не мора да се надополнува со планска одредба која го одредува или го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата, а доколку максималната височина се одредува според вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, таа треба да се дополни со планска одредба за максимална височина на слемето на кровот.
(8) Доколку во урбанистички план или урбанистички проект максималната височина на градбата изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови, тогаш најмалата спратна височина со која во урбанистичкиот план се пресметува бројот на спратови, мерено од под до под, за домување е 2,90 м, а за деловна дејност 3,40 м.

7.9.4 Максимална височина како условена планска одредба

(1) Максималната височина на градбата може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот за достигнување на максималната височина на градбата.
(2) Условеноста најчесто се однесува на барањето во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број на паркинг места според намената на градбата што е утврден во урбанистичкиот план за конкретното подрачје, блок или градежна парцела.
(3) Максималната висина на градбата се формулира како неусловена планска одредба во урбанистичкиот план секаде каде што рамномерната височина на уличниот фронт е императив кој произлегува од значењето и карактерот на подрачјето во планскиот опфат, при што обврските за обезбедување на потребниот број на паркинг места се уредуваат со плански одредби што се спроведуваат и реализираат во истата постапка како и градбата односно предметната градежна парцела.

7.9.5 Висина на нулта плоча

1. Височината на нултата плоча за станбени згради чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,
2. Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,
3. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба од член 189 од овој правилник, е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон,

4. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат,
5. За градби на терен со голем наклон котата на приземјето не може да биде повисока ниту пониска од половина спратна височина од котата на пристапната улица или тротоар, зависно од тоа дали пристапната улица е над или под лицето на парцелата и пристапот до површината за градење,
6. Бројот на катови уреден во урбанистички план се однесува и на катовите над приземјето и на оние што во големи наклони на теренот се планираат под приземјето.

7.10 Паркирање

Потребата за паркирање ќе се решава во рамките на сопствената парцела. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба.

Начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба се користат следниве нормативи:

А1 и А2 - Домување

- Во урбанистички план се уредува начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување, кој зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6,најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

- За станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи најмалку 0,25 паркинг места за секои 45,00 м2 станбена површина,

А3 - Групно домување

- За домовите за стари лица, незгрижени деца и ученици : 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 1 паркинг место на 15 легла за домовите за стари лица,
- За студентски домови : 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но не помалку од 2 паркинг места,

А4 - Времено сместување

- 1 паркинг место на 8 легла,

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на100 $м^2$ од вкупно изградената површина,

Б2 - Големи трговски единици

- 1 паркинг место на 70 $м^2$ од вкупно изградената површина,

Б3 - Големи угостителски единици

- 1 паркинг место на 20 $м^2$ од вкупно изградената површина,

Б4 - Деловни дејности

- 1 паркинг место на 8 вработени во смена,

Б5 - Хотелски комплекси

- 1 паркинг место на 6 легла и 1 паркинг место на10 м^2 површина наменета за нерезидентни гости,

Б6 - Простори за собири

- 1 паркинг место на 8 - 16 гледачи, во зависност од локалниот степен на моторизација,

В1 - Образование и наука

- За предшколско образование 1 паркинг место на 3вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За основно и средно образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За високо образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За научните институции 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В2 - Здравствени и социјални установи

- За здравствени установи 1 паркинг место на 3вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В3 - Култура

- 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места за изложбен простор за музеи и галерии,
- 1 паркинг место на 8 - 16 посетители за киносали,

В4 - Државни институции

- 1 паркинг место на 5 вработени плус 10% но најмалку 2 места,

В5 - Верски институции

- 1 паркинг место на 40 м^2 од вкупната површина,

Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА,ИНДУСТРИЈА

- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИПРОСТОРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата,

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и

структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата

- да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба.

(2) При одредувањето на нормативите за начинот на пресметување на потребните паркинг места за класите на намени од групите на класи на намени Б и В, се пресметани врз основа на просечниот степен на моторизација од 6, додека за други вредности на степенот на моторизација, како и други параметри на мобилноста на граѓаните и функционирањето на населените места, во секој урбанистички план се уредуваат конкретните стандарди што одговараат на конкретните локални чинители и состојби.

(3) При планирањето на паркинг простори ориентациона пресметковна површина потребна за едно паркинг место односно број на паркинг места на 100 должни метри јавно паркиралиште во зависност од аголот на паркирање е:

- 22,5 м^2 површина и 17 паркинг места, за паралелно паркирање,
- 26,5 м^2 површина и 21 паркинг места, за агол од30 степени,
- 20,5 м^2 површина и 31 паркинг места, за агол од45 степени,
- 20,5 м^2 површина и 37 паркинг места, за агол од60 степени, и
- 26,5 м^2 површина и 40 паркинг места, за агол од90 степени.

Дадените површини се пресметковни вредности и за паркирање на улица, освен паркирањето под агол од90 степени кое не е дозволено на категоризирани улици.

(4) Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

А1 и А2 - Домување во станбени куќи и згради

- за станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во урбанистички план во зависност од локалните услови и потребите на градбата,

- за станбени згради од класата на намени А2препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број

на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

- за станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи најмалку 0.25 паркинг места за секои 45 м^2 станбена површина,

А3 - Групно домување

- потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план

во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

А4 - Времено сместување

- потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место за велосипед на секои 10вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но потребниот број се уредува во планот во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со одлука на советот на локалната самоуправа врз основа на потребите на локалната заедница,

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

(5) Од вкупниот број на паркинг места за велосипеди од став (2), минимум 50% треба да бидат во покриени простори.

(6) Доколку во градежната парцела егзистираат повеќе намени чиешто користење временски не се преклопува, бројот на паркинг места се утврдува само за намената за која се потребни најмногу паркинг места, односно за намените коишто едновремено се користат, а имаат најголем збир на потребни паркинг места.

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.

7.11 Услови за движење на лица со инвалидитет

При изградба на нови објекти содржини во просторот се применуваат мерките за спечување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет. Површината за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Рампата мора да е за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала ширина треба да е 1,65м, а оптимална 1,80м.

7.12 Зеленило

Слободниот неизграден дел од градежната парцела се предвидува да се затреви и хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило.

При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела.

На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина , се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

7.13 Висина на нулта плоча

Во урбанистички план може да се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот, особено во:
1. централноградски урбани подрачја,
2. случаи кога градежната и регулационата линија се совпаѓаат,
3. случаи кога во приземјата на градбите се поместени намени што имаат јавна употреба.

Општи норми за височината на нултата плоча се:

- Височината на нултата плоча за станбени згради чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 - 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,
- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,
- Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба, е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон,

- Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат,

- За градби на терен со голем наклон котата на приземјето не може да биде повисока ниту пониска од половина спратна височина од котата на пристапната улица или тротоар, зависно од тоа дали пристапната улица е над или под лицето на парцелата и пристапот до површината за градење,

- Бројот на катови уреден во урбанистички план се однесува и на катовите над приземјето и на оние што во големи наклони на теренот се планираат под приземјето.

8.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се дадени табеларно.

Посебните услови за градење се основа за изработка на идејни или директно основни проекти за градбата.

При изработка на идејните и основните проекти на градбата, како и при изградба на градбите, обврзано е да се почитуваат прописите за градење, современите техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина и природата, прописите за заштита и спасување и други прописи засегнати со намената и да се почитуваат општите и посебните услови за градење.

Планските одредби се однесуваат на градежната парцела во рамките на планскиот опфат.

8.1 Градежната парцела број 6.19.1

Во **градежната парцела број 6.19.1**, која е со вкупна површина од **606.32м^2**, предвидена е максимална површина за градба од **352,56м^2**, максимална вкупно изградена површина **1763м^2** со максимум **9 станбени единици**. Процентот на изграденост е **58.15%**, а коефициентот на искористеност **2.91**.

Основна класа на намена е **А2** (домување во згради), додека компатибилна намена е Б1(мали деловни и комерцијални објекти) - 40%, Б2 (големи трговски единици) - 40%, Б4 (деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради), В2(здравство и социјална заштита) - 40% со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

- Планирана е максимална височина на кровен венец од **16,20м**. Катноста ќе се предвиди при изработка на идејни и основни проекти.

- Отворите на фасадите да бидат во согласност со точка 7.6 од општите услови.

- Дозволените пречекорувања на градежната линија да се во согласност со точка 7.5 од општите услови.

- Максималниот процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика е 80%.

- Височината на нултата плоча

Станбена зграда чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата

линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,

- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м.

- Потребен број на паркинг места

Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн.

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупно изградената површина.

Б2 - Големи трговски единици

- 1 паркинг место на 70м^2 од вкупно изградената површина,

Б4 - Деловни дејности

- 1 паркинг место на 8 вработени во смена,

В2 - Здравствени и социјални установи

- За здравствени установи 1 паркинг место на 3вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,- за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

Потребниот број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежната парцела, а кои се планираат за земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежно земјиште.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди во проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Пристапот во градежната парцела е од улица „Христо Ботев“ и улица „Ацо Аџи Илов“.

- При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило во рамките на градежната парцела. На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина , се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

8.2 Градежната парцела број 6.19.2

Во **градежната парцела број 6.19.2**, која е со вкупна површина од **390.19м^2**, предвидена е максимална површина за градба од **234,29м^2**, максимална вкупно изградена површина **1171м^2** со максимум **7 станбени единици**. Процентот на изграденост е **60.05%**, а коефициентот на искористеност **3,00**.

Основна класа на намена е **А2** (домување во згради), додека компатибилна намена е Б1(мали деловни и комерцијални објекти) -40%, Б2 (големи трговски единици) - 40%, Б4 (деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради), В2(здравство и социјална заштита) -40% со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

- Планирана е максимална височина на кровен венец од **16,20м**. Катноста ќе се предвиди при изработка на идејни и основни проекти.

- Отворите на фасадите да бидат во согласност со точка 7.6 од општите услови.

- Дозволените пречекорувања на градежната линија да се во согласност со точка 7.5 од општите услови.

- Максималниот процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика е 80%.

- Височината на нултата плоча

Станбена зграда чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,

- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,

- Потребен број на паркинг места

Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн.

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупно изградената површина.

Б2 - Големи трговски единици

- 1 паркинг место на 70 м^2 од вкупно изградената површина,

Б4 - Деловни дејности

- 1 паркинг место на 8 вработени во смена,

В2 - Здравствени и социјални установи

- За здравствени установи 1 паркинг место на 3вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места, - за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

Потребниот број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежната парцела, а кои се планираат за земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежно земјиште.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди во проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

- Пристапот во градежната парцела е од улица „Христо Ботев“ и улица „Ацо Аџи Илов“.

При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило во рамките на градежната парцела. На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина , се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

8.3 Градежната парцела број 6.19.3

Во **градежната парцела број 6.19.3**, која е со вкупна површина од **434.18м^2**, предвидена е максимална површина за градба од **193,61 м^2**, максимална вкупно изградена површина **968м^2**со максимум **6 станбени единици**. Процентот на изграденост е **56.56%**, а коефициентот на искористеност **2,26**.

Основна класа на намена е **А2** (домување во згради), додека компатибилна намена е Б1(мали деловни и комерцијални објекти) -40%, Б2 (големи трговски единици)-40%, Б4 (деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради), В2(здравство и социјална заштита) -40% со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

- Планирана е максимална височина на кровен венец од **16,20м**.

Катноста ќе се предвиди при изработка на идејни и основни проекти.

- Отворите на фасадите да бидат во согласност со точка 7.6 од општите услови.

- Дозволените пречекорувања на градежната линија да се во согласност со точка 7.5 од општите услови.

- Максималниот процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика е 80%.

- **Височината на нултата плоча**

Станбена зграда чијашто градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, и доколку и приземјата се станбени, треба да биде по правило од 0,60 – 1,60 м, за височината на парапетот на приземјето да биде над просечната височина на очите на минувачите,

- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,

- **Потребен број на паркинг места**

Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн.

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупно изградената површина.

Б2 - Големи трговски единици

- 1 паркинг место на 70 м^2 од вкупно изградената површина,

Б4 - Деловни дејности

- 1 паркинг место на 8 вработени во смена,

В2 - Здравствени и социјални установи

- За здравствени установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,- за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

Потребниот број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежната парцела, а кои се планираат за земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно

Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежно земјиште.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди во проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

- Пристапот во градежната парцела е од улица „Христо Ботев“ и улица „Ацо Аџи Илов“.

При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило во рамките на градежната парцела. На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина, се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

8.4 Градежната парцела број 6.19.4

Во **градежната парцела број 6.19.4**, која е со вкупна површина од **178.86м^2**, предвидена е максимална површина за градба од **101,17м^2**, максимална вкупно изградена површина **304м^2** со максимум **2 станбени единици.** Процентот на изграденост е **56.56%**, а коефициентот на искористеност **1,70**.

Основна класа на намена е **А1** (домување во станбени куќи), додека компатибилна намена е Б1 (мали деловни и комерцијални објекти) -40% во однос на основната класа на намена.

Планирана е максимална височина на кровен венец од **10,20м**, планирана катност од **П+2**.

- Отворите на фасадите да бидат во согласност со точка 7.6 од општите услови.

- Дозволените пречекорувања на градежната линија да се во согласност со точка 7.5 од општите услови.

- Максималниот процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика е 80%.

- Максимална височина на нултата плоча

- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,
- Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба од член 189 од овој правилник, е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон,

- **Потребен број на паркинг места**

Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување зависи од стандардот на живеење, степенот на

моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн.

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупно изградената површина.

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

- за станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во зависност од локалните услови и потребите на градбата. Начинот на паркирањето ќе се реализира во сопствена градежна парцела.

Потребниот број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат за земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежно земјиште.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди во проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Пристапот во градежната парцела е од секундарна улична мрежа односно од пристапна улица - крак на улица „Христо Ботев“.

При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило во рамките на градежната парцела. На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина , се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

8.5 Градежната парцела број 6.19.5

Во **градежната парцела број 6.19.5**, која е со вкупна површина од **179.53м^2** предвидена е максимална површина за градба од **53,87м^2**, ја задржува постоечката состојба.

Основна класа на намена е **Б1** (мали деловни и комерцијални објекти) додека компатибилна наменае Б4 (деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради) - 40 % во однос на основната класа на намена.

Се задржува постоечката катност **П+1** и постоечката максимална висина на хоризонтален венец.

- Отворите на фасадите да бидат во согласност со точка 7.6 од општите услови.

- **Дозволените пречекорувања** на градежната линија да се во согласност со точка 7.5 од општите услови.

- Максималниот процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика е 80%.

- **Максимална височина на нултата плоча** во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,

- **Потребен број на паркинг места**

Потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн.

Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупно изградената површина.

Потребниот број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежната парцела, а кои се планираат за земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежно земјиште.

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, .83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Деталниот урбанистички план, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. Исто така потребно е да се

имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

9.1.1 Мерки за заштита на почвата

При изградба на содржините во склоп на планскиот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува отстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми. Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

9.1.2 Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела. Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на планскиот опфат. Во близина на планскиот опфат нема површински водотеци. Да се преземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

9.1.3 Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Податоците покажуваат дека на овој простор загадувањето на воздухот е ниско. Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Во периодот на експлоатација, транспортот по улиците и зголемената концентрација на возила на пристапниот пат, ќе влијае на зголемување на

концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата.

9.1.4 Мерки за заштита од бучава во животната средина

Изборот на мерките за контрола на бучавата зависи од повеќе фактори, меѓу кои, просторот што е предмет на анализа, трошоците, безбедноста и естетиката и од посакуваното ниво на редукција на звукот. При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои престојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

9.2 Мерки за справување со отпад

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Закон за управување со отпадот (Службен весник на Р.М" број. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина; Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот. Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. По завршувањето на градежните активности потребно е да се

обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

9.3 Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот

Улична мрежа во планскиот опфат е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа. Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **1,30 ха** од која **3814 м^2** или **0,381 ха** е под сообраќајни коловозни површини или **29.30%** од површината на вкупниот плански опфат. Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош би изнесувал до 5 минути, со оглед на тоа да во близина на планскиот опфат има клинички центар.

Со изработка на овој ДУП, предвидени се следните Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот:

- Изборот на системот за паркирање, поединечно за секоја градежна парцела, ќе се дефинира при изработка на проектна документација.
- Да се обезбедат места за паркирање на мотоциклии, велосипеди и тротинети во рамки на градежните парцели, и да се обезбеди затворен/покриен простор за паркирање на велосипеди и тротинети.
- Пешачките патеки да се уредуваат со високо зеленило (дрвореди), а нивната материјализација да биде од порозни материјали за прием на атмосферските води.

- Зајакнување на политиката на поставување столпчиња со цел физичко одвојување на велосипедските патеки од коловозите и спречување на паркирање возила на патеките каде што се движат велосипедисти и тротинети;
- Поставување дрвореди долж патеките кои се непосредно изложени на сонце;
- Развивање концепт за одговорно користење на автомобилите и ставање во употреба тивки и еколошки возила.

Потребно е да се пристапи кон планирање на одржлива урбана мобилност, кој претстава нов концепт за планирање на урбаниот транспорт во кој се применуваат постојните практики на планирање, но се вклучуваат и принципите на партиципација, интеграција и евалуација. Планирање кое ќе се базира на визија и со фокус на луѓе и места и чија примарна цел е обезбедување пристапност и квалитет на живот.

9.4 Мерки за заштита од разурнување, природни непогоди и технолошки хаварии

Претходните услови за заштита и спасување дадени во писменият допис од Дирекцијата за заштита и спасување, се комплетно вградени во Детален урбанистички план и се дадени во понатамошниот текст. Со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14, пречистен 93/12 и 41/14) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија. Согласно

Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14, пречистен 93/12 и 41/14) и Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16) Закон за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба. Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес. Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика. Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа. Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите. Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности

2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа

3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување

4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување

5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и

стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите

2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко - угостителска дејност и

3. при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства

2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи

3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините

4. обезбедување на противпожарни пречки

5. изградба на објекти за заштита и

6. изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и

2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал. Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува за Детален урбанистички план во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби. Во Детален урбанистички план опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за локацијата и условите каде треба да се градат предвидените индустриски објекти односно намената на комплексот, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, пречистен текст 93/12) и подзаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. Засолнување

2. Заштита и спасување од поплави

3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

4. Заштита од неексплодирани убодни и други експлозивни средства

5. Заштита и спасување од урнатини

6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

7. Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. Евакуација

9. Згрижување на загрозеното и настраданото население

10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

11. Прва медицинска помош

12. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

13. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

14. Асанација на теренот

При изработката на планската документација Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општина Неготино е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во проектната документација. При изработка на идејните и основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектот и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр.105/05). Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство. Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот

создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер). Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

9.4.1 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите. Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра. Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се утврдува спроведувањето на мерката за заштита и спасување од урнатини што се остварува во рамките на системот за заштита и спасување. Планирањето и подготвувањето на активности за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установите, служби и трговски друштва. Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства:

- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.

- од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др.

- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексплодирани убодни средства и друго

- Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи Во Деталниот урбанистички план е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение. При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 90 по МЦС скалата. Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,

- непречена интервенција во кругот на катастрофата,

- штетите да се сведат на минимум,

- брза санација на последиците. За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

9.4.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави согласно член 67 од Законот за заштита и спасување опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. Додека со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од поплави (Сл. Весник на РМ бр. 91/10), се уредува спроведувањето ма мерката заштита и спасување од поплави во рамките на единствениот систем за заштита и спасување. Планирањето и подготвувањето на активностите за заштита и спасувањето од поплави се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установите, службите и трговските друштва, во рамките на нивните надлежности. Планирањето на заштита и спасувањето од поплави опфаќа процена на можните загрозувања на населението, материјалните добра и животната средина од поплави, утврдувањето на потребната организација за спроведување на заштита и спасување од поплави и пропишување на стандардна оперативна процедура на спроведувањето на заштитата и спасувањето од поплави. Планирањето на заштита и спасување од поплави се остварува во рамките на интегралното планирање за заштита и спасување како посебен документ во плановите. Со глед на конфигурацијата на теренот на овој плански опфат не се можни поплави.

9.4.3 Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При изработката на Детален урбанистички план предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 од: - Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен текст (Сл. в на РМ бр. 93/12 и 41/14 и 129/15) како и согласно:

- Законот за пожарникарство (Сл.в. на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16),

- Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16)

- Закон за заштита од експлозивни материи (Сл. в. на СРМ бр. 4/78, 51/88, 36/90 и Сл. в. на РМ бр. 12/93, 66/07 и 84/08),

- Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 32/11 и 145/13)

- Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06) и

- Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09)

- Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05)

- Правилник за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи. Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Со Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 100/10) се уредува спроведувањето на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи која се остварува во рамките на единствениот систем за заштита и спасување.

Улиците за пристап до планскиот опфат и внатре во планскиот опфат се со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и

овозможуваат непречена интервенција на противпожарните возила. Падот на сообраќајницата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на сите моторни возила.

9.5 Мерки за заштита на недвижното културно наследство

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство („Сл.весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16).

Б) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ															
Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на зафат на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела м²	Површина за градење м²	Вкупно изградена површина на сите катови (м²)	Максимална висина на хоризонтален венец на кров	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Новопланирани објекти	Објекти со стекнато право согласно претходна планска документација	Постојни објекти	Напомена
6.19.1	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	606,32	352,56	1763	16,20	/	58.15	2.91	ДА			Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 225/20, 243/21, 104/22 и 95/23)
6.19.2	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	390,19	234,29	1171	16,20	/	60.05	3.00	ДА			
6.19.3	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	434,18	193,61	968	16,20	/	44.59	2.23	ДА			
6.19.4	А	А1	Б1	40%	178,86	101,17	304	10,20	П+2	56.56	1.70		ДА		
6.19.5	Б	Б1	Б4	40%	179,53	53,87	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.6	Б	Б1	Б4	40%	75,17	65,68	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.7	Б	Б1	Б4	40%	41,22	38,02	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.8	Б	Б1	Б4	40%	43,06	39,55	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.9	Б	Б1	Б4	40%	40,29	40,27	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.10	А	А1	Б1, Б4	40%	254,88	137,03	411	10,20	П+2	53.76	1.61	ДА			
6.19.11	А	А1	Б1, Б4	40%	316,77	201,22	805	10,20	П+2+Пк	63.52	2.54		ДА		
6.19.12	А	А1	Б1, Б4	40%	283,01	185,13	741	10,20	П+2+Пк	65.41	2.62		ДА		
6.19.13	А	А1	Б1, Б4	40%	235,28	164,34	657	10,20	П+2+Пк	69.85	2.79		ДА		
6.19.14	А	А1	Б1, Б4	40%	182,87	128,55	514	10,20	П+2+Пк	70.30	2.81		ДА		
6.19.15	А	А1	Б1, Б4	40%	272,27	178,16	713	10,20	П+2+Пк	65.44	2.62		ДА		
6.19.16	А	А1	Б1, Б4	40%	158,85	117,80	353	10,20	П+1+Пк	74.16	2.22		ДА		
6.19.17	Б	Б1	Б4	40%	59,19	42,38	127	10,20	П+1+Пк	71.60	2.15		ДА		
6.19.18	Б	Б1	Б4	40%	58,11	40,79	122	10,20	П+1+Пк	70.19	2.11		ДА		
6.19.19	Б	Б1	Б4	40%	63,22	44,78	134	10,20	П+1+Пк	70.83	2.12		ДА		
6.19.20	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	335,85	202,05 (183 / 125)	980 (675 / 305)	16,00	П+4	60.16	2.92	ДА			
6.19.21	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	372,71	223,14 (202 / 118)	1034 (744 / 290)	16,00	П+4	59.87	2.77	ДА			
6.19.22	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	263,35	253,37	1267	постоечка состојба	постоечка состојба	/	/			ДА	
6.19.23	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	1268,41	858,86	4294	постоечка состојба	постоечка состојба	/	/			ДА	
6.19.24	А	А3	постоечка состојба		214,07	214,07	642	/	/	/	/			ДА	
6.19.25	Б	Б1	Б4	40%	109,26	86,96	174	7,20	П+1	79.59	1.59		ДА		
6.19.26	Б	Б1	Б4	40%	41,83	29,55	89	10,20	П+2	70.64	2.12		ДА		
6.19.27	Б	Б1	Б4	40%	29,31	21,72	65	10,20	П+2	74.10	2.22		ДА		
6.19.28	Б	Б1	Б4	40%	72,90	62,12	186	10,20	П+2	85.21	2.56		ДА		
6.19.29	Б	Б1	Б4	40%	112,00	81,53	245	10,20	П+2	72.79	2.18		ДА		
6.19.30	А	А1	Б1, Б4	40%	147,68	98,75	395	10,20	П+2+Пк	66.87	2.67		ДА		
6.19.31	А	А1	Б1, Б4	40%	253,58	134,40	538	10,20	П+2+Пк	53.00	2.12		ДА		
6.19.32	А	А1	Б1, Б4	40%	315,10	167,68	671	10,20	П+2+Пк	53.21	2.13		ДА		
ВКУПНО					7409.32	4793	19363								

2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

2.1 Билансни показатели

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **1,30ха** (**13036м**^{2}).
Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за постојната и планираната состојба на планскиот опфат со површини за земјиштето и градбите како и сите урбанистички параметри за планскиот опфат.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - Постојна состојба	
Класа на намени	Површина м^2
А1 - Домување во станбени куќи	4740
А2 - Домување во згради	1562
А3 - Групно домување	214
Б1 - Мали деловни и комерцијални објекти	1015
Б2 - Големи единици за трговија	1949
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	370
Д2 - Заштитно зеленило	160
Неизградено земјиште	255
Сообраќајници	2769
ВКУПНО	**13036**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - Планирана состојба	
Класа на намени	Површина м^2
А1 - Домување во станбени куќи	2599
А2 - Домување во згради	3671
А3 - Групно домување	214
Б1 - Мали деловни и комерцијални објекти	925
Д2 - Заштитно зеленило	146
Е1 - Сообраќајни и други линиски инфраструктури	5481
ВКУПНО	**13036**

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УЧЕСТВО	
		м^2	ха	Блок 19 20.52 ха	Дел од блок 19 плански опфат
А - Домување	А1 - Домување во станбени куќи	2599	0,26	1,26%	20%
	А2 - Домување во згради	3671	0,37	1,78%	28%
	А3 - Групно домување	214	0,02	0,10%	2%
Б - Комерцијални и деловни намени	Б1 - Мали деловни и комерцијални објекти	925	0,09	0,45%	7%
Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори	Д2 - Заштитно зеленило	146	0,014	0,07%	1%
Е - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	Е1 – Сообраќајни и други линиски инфраструктури	5481	0,55	2,67%	42%
	Вкупно	**13036**	**1,3**	**6,33%**	**100%**

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	**Постојна состојба**	**Планирана состојба**
1	Плански опфат (м^2)	13036	13036
2	Број на градежни парцели	40	32
3	Површина на приземје (м^2)	4208	4793
4	Развиена површина по катови (м^2)	13762	19530
5	Процент на изграденост	32,28%	36.77%
6	Коефициент на искористеност	1.06	1.50
	СПЕЦИФИЦИРАНИ ПОВРШИНИ ПО НАМЕНСКИ ЗОНИ	ha	
1	А1 - Домување во станбени куќи	0,385	
2	А2 - Домување во згради	0,82	
3	А3 - Групно домување	0,095	
	Вкупно	1,3	

В) ГРАФИЧКИ ДЕЛ:



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 6 ДЕЛ ОД БЛОК 19
(помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов “ , „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)
ОПШТИНА НЕГОТИНО

ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

Г.У.Б. — ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК

Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА

Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

П.Г.Л. — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА

ОСОВИНА НА УЛИЦА

6.19.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

СООБРАЌАЈ

КОЛОВОЗ

ТРОТОАРИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ :

А - ДОМУВАЊЕ
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СЕМЕЈНИ КУЌИ
А2 - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ
А3 - ГРУПНО ДОМУВАЊЕ

Б - ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ
Б1 - Мали единици за комерцијални дејности
Б4 - Деловни и комерцијални дејности

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило

С

P=1:1000 — 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Општина Неготино

Детален Урбанистички План за Урбана Единица 6 дел од блок 19 (Помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов“, „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а. 0.0583
соработници:
Игор Сугарчев диа,
Сашо Андријевски миа,
Димитар Стефановски миа,
Елена Марковска миа
Елеонора Михаиловска миа
Сандра Ангелова миа

ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број
04-84/2022

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025

лист број
1



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 6 ДЕЛ ОД БЛОК 19
(помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов “ , „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)
ОПШТИНА НЕГОТИНО

ЛЕГЕНДА:

ГПО — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Г.У.Б. — ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК

РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА

ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

П.Г.Л. — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА

ОСОВИНА НА УЛИЦА

6.19.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

СООБРАЌАЈ

КОЛОВОЗ

ТРОТОАРИ

С

P=1:1000 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Општина Неготино

Детален Урбанистички План за Урбана Единица 6 дел од блок 19 (Помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов“, „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а. 0.0583
соработници:
Игор Сугарчев диа,
Сашо Андријевски миа,
Димитар Стефановски миа,
Елена Марковска миа
Елеонора Михаиловска миа
Сандра Ангелова миа

РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број 04-84/2022

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025

лист број 2



	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УЧЕСТВО	
			M^2	ХА	БЛОК 19 20.52 ха	Дел од блок 19 плански опфат
1	А - Домување и престој	А1 - Домување во станбени куќи	2599	0.26	1.26%	20%
		А2 - Домување во згради	3671	0.37	1.78%	28%
		А3 - Групно домување	214	0.02	0.10%	2%
2	Б - Комерцијални и деловни намени	Б1 - Мали деловни и комерцијални објекти	925	0.09	0.45%	7%
3	Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори	Д2 - Заштитно зеленило	146	0.0140	0.07%	1%
4	Е - Инфраструктура	Е1 - Сообраќајни и други линиски инфраструктури	5481	0.55	2.67%	42%
	ВКУПНО		13036	1.3	**6.33%**	**100%**

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	ПОСТОЈНА СОСТОЈБА	ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА
1	ПЛАНСКИ ОПФАТ (M^2)	13036	13036
2	БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	40	32
3	ПОВРШИНА НА ПРИЗЕМЈЕ (M^2)	4208	4793
4	РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ (M^2)	13762	19363
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	32.28	36.77
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	1.06	1.49
	СПЕЦИФИЦИРАНИ ПОВРШИНИ ПО НАМЕНСКИ ЗОНИ	ХА	
1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	**0,385**	
2	А2 - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	**0,82**	
3	А3 - ГРУПНО ДОМУВАЊЕ	**0,095**	
	ВКУПНО	1.30	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на бруто развиена површина на намена во однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела M^2	Површина за градење M^2	Вкупно изградена површина на сите катови (M^2)	Максимална висина на хоризонтален венец на кров	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Новопланирани објекти	Објекти со стекнато право согласно третирана планска документација	Постојчки објекти	Паркирање
6.19.1	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	606,32	352,56	1763	16,20	/	58.15	2.91	ДА			
6.19.2	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	390,19	234,29	1171	16,20	/	60.05	3.00	ДА			
6.19.3	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	434,18	193,61	968	16,20	/	44.59	2.23	ДА			
6.19.4	А	А1	Б1	40%	178,86	101,17	304	10,20	П+2	56.56	1.70		ДА		
6.19.5	Б	Б1	Б4	40%	179,53	53,87	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.6	Б	Б1	Б4	40%	75,17	65,68	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.7	Б	Б1	Б4	40%	41,22	38,02	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.8	Б	Б1	Б4	40%	43,06	39,55	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.9	Б	Б1	Б4	40%	40,29	40,27	постоечка состојба		П+1	/	/			ДА	
6.19.10	А	А1	Б1, Б4	40%	254,88	137,03	411	10,20	П+2	53.76	1.61	ДА			
6.19.11	А	А1	Б1, Б4	40%	316,77	201,22	805	10,20	П+2+Пк	63.52	2.54		ДА		
6.19.12	А	А1	Б1, Б4	40%	283,01	185,13	741	10,20	П+2+Пк	65.41	2.62		ДА		
6.19.13	А	А1	Б1, Б4	40%	235,28	164,34	657	10,20	П+2+Пк	69.85	2.79		ДА		
6.19.14	А	А1	Б1, Б4	40%	182,87	128,55	514	10,20	П+2+Пк	70.30	2.81		ДА		
6.19.15	А	А1	Б1, Б4	40%	272,27	178,16	713	10,20	П+2+Пк	65.44	2.62		ДА		
6.19.16	А	А1	Б1, Б4	40%	158,85	117,80	353	10,20	П+1+Пк	74.16	2.22		ДА		
6.19.17	Б	Б1	Б4	40%	59,19	42,38	127	10,20	П+1+Пк	71.60	2.15		ДА		
6.19.18	Б	Б1	Б4	40%	58,11	40,79	122	10,20	П+1+Пк	70.19	2.11		ДА		
6.19.19	Б	Б1	Б4	40%	63,22	44,78	134	10,20	П+1+Пк	70.83	2.12		ДА		
6.19.20	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	335,85	202,05 (183 / 125)	980 (675 / 305)	16,20	П+4	60.16	2.92	ДА			
6.19.21	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	372,71	223,14 (202 / 118)	1034 (744 / 290)	16,20	П+4	59.87	2.77	ДА			
6.19.22	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	263,35	253,37	1267	постоечка состојба	постоечка состојба	/	/			ДА	
6.19.23	А	А2	Б1,Б2, Б4,В2	40%	1268,41	858,86	4294	постоечка состојба	постоечка состојба	/	/			ДА	
6.19.24	А	А3	постоечка состојба		214,07	214,07	642	/	/	/	/			ДА	
6.19.25	Б	Б1	Б4	40%	109,26	86,96	174	7,20	П+1	79.59	1.59		ДА		
6.19.26	Б	Б1	Б4	40%	41,83	29,55	89	10,20	П+2	70.64	2.12		ДА		
6.19.27	Б	Б1	Б4	40%	29,31	21,72	65	10,20	П+2	74.10	2.22		ДА		
6.19.28	Б	Б1	Б4	40%	72,90	62,12	186	10,20	П+2	85.21	2.56		ДА		
6.19.29	Б	Б1	Б4	40%	112,00	81,53	245	10,20	П+2	72.79	2.18		ДА		
6.19.30	А	А1	Б1, Б4	40%	147,68	98,75	395	10,20	П+2+Пк	66.87	2.67		ДА		
6.19.31	А	А1	Б1, Б4	40%	253,58	134,40	538	10,20	П+2+Пк	53.00	2.12		ДА		
6.19.32	А	А1	Б1, Б4	40%	315,10	167,68	671	10,20	П+2+Пк	53.21	2.13		ДА		
ВКУПНО					7409.32	4793	19363								

Службен лист 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен лист на РСМ“ бр. 229/20, 219/21, 104/22 и 99/23)

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 6 ДЕЛ ОД БЛОК 19

(помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов“ , „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ОПШТИНА НЕГОТИНО

ЛЕГЕНДА:

- Г.П.О. — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- Г.У.Б. — ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК
- Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Г.Г.П. — ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- П.Г.Л. — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА УЛИЦА
- 6.19.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- H=6.60m — ВИСИНА НА ВЕНЕЦ

СООБРАЌАЈ:

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ :

- А - ДОМУВАЊЕ
  - А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СЕМЕЈНИ КУЌИ
  - А2 - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ
  - А3 - ГРУПНО ДОМУВАЊЕ
- Б - ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ
  - Б1 - Мали единици за комерцијални дејности
  - Б4 - Деловни и комерцијални дејности
- Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
  - Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило

P=1:1000 (0 10 20 40 100)

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Општина Неготино

Детален Урбанистички План за Урбана Единица 6 дел од блок 19 (Помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов“, „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а. 0.0583

соработници:
Игор Сугарчев диа,
Сашо Андријевски миа,
Димитар Стефановски миа,
Елена Марковска миа
Елеонора Михаиловска миа
Сандра Ангелова миа

ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број 04-84/2022

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025

лист број 3



СЕРВИСНИ УЛИЦИ
ул."Ацо Аџи Илов"
профил Б - Б



СТАНБЕНИ УЛИЦИ

ул. "З"
профил А - А



Улица "Јане Сандански"
профил Г - Г



Улица "Христо Ботев"
профил Д - Д

профил В1 - В1



профил Е1 - Е1



профил Е2 - Е2



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ
профил П - П

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ
профил К - К



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 6 ДЕЛ ОД БЛОК 19

(помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов “ , „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ОПШТИНА НЕГОТИНО

ЛЕГЕНДА:

Г.П.О.	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
Г.У.Б.	ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК
Р.Л.	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Г.Г.П.	ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
Г.Л.	ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
П.Г.Л.	ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
	ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
	ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
	ОСОВИНА НА УЛИЦА
6.19.1	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
H=6.60м	ВИСИНА НА ВЕНЕЦ
9.6% 148m	ПРОЕКТИРАН ПАД НА СООБРАЌАЈНИЦА

СООБРАЌАЈ

	КОЛОВОЗ
	ТРОТОАР

P=1:1000 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Општина Неготино

Детален Урбанистички План за Урбана Единица 6 дел од блок 19 (Помеѓу улиците „Ацо Аџи Илов“, „Јане Сандански“ и „Христо Ботев“)

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а. 0.0583
соработници:
Игор Сугарчев диа,
Сашо Андријевски миа,
Димитар Стефановски миа,
Елена Марковска миа
Елеонора Михаиловска миа
Сандра Ангелова миа

СОБРАЌАЕН ПЛАН

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број 04-84/2022

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025

лист број 4



КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НИЗ ТЕРЕН

ПРЕСЕК 1-1



ПРЕСЕК ...



СООБРАЌАЈ:

КОЛОВОЗ

ТРОТОАР

